Република Северна Македонија
**Министерство за социјална политика, демографија и млади**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve**

- Сектор за управување со човечки ресурси-
- Sektori për Menaxhim me Resurse Njerëzore -

**Архивски број:** 04-4451/9
**Датум** 10-07-2026

Врз основа на член 11 и член 52 од Законот за административни службеници („Службен Весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 154/15, 48/15, 142/16 и 11/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Државниот секретар на Министерството за социјална политика, демографија и млади донесе:

# ОДЛУКА

## за избор на кандидати за унапредување по интерен оглас број 02/2026

1. Административниот службеник **Орхан Шерифи** се избира за извршител на работните задачи за работното место:
УПР0101Б02000 Раководител на сектор за внатрешна ревизија

2. Унапредувањето на административниот службеник од точка 1 ќе се изврши по конечноста на одлуката.

## Образложение

На веб страната на министерството за социјална политика, демографија и млади и Агенцијата за администрација, на 23.06.2026 година објавен е интерен оглас бр.02/2026 за унапредување на административните службеници на следните работни места:

1. УПР0101Б02000 Раководител на сектор за социјална заштита, 1 (еден) извршител

2. УПР0101Б02000 Раководител на сектор за внатрешна ревизија, 1 (еден) извршител

3. УПР0101Б02000 Раководител на сектор за пензиско и инвалидско осигурување, 1 (еден) извршител

4. УПР0101Б01000 Државен советник за имплементација на меѓународни и национални политики за инклузија на малцинствата, 1 (еден) извршител


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

- Сектор за управување со човечки ресурси-
- Sektori për Menaxhim me Resurse Njerëzore -

5. УПР0101Б04000 Раководител на одделение за следење и унапредување на системот за проценка, Сектор за проценка и утврдување на попреченост, 1 (еден) извршител

6. УПР0101Б04000 Раководител на одделение за заштита и превенција од секаков вид на дискриминација, Сектор за еднакви можности, 1 (еден) извршител

Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници формирана од државниот секретар со решение бр.04-4451/4 од 06.07.2026 година, спроведе административна селекција и интервју со кандидатите и согласно Записникот за административна селекција за интерен оглас бр. 04-4451/6 од 10.07.2026 година и Записникот од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници заради спроведување на интервју бр.04-4451/7 од 10.07.2026 година, подготви финална ранг листа за секое работно место и предлог одлука за избор до Државниот секретар на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

За работното место со реден број 2. УПР0101Б02000 Раководител на сектор за внатрешна ревизија, 1 (еден) извршител, се пријавија 2 (двајца) кандидати од кои еден уреден и еден неуреден. Причините за неуредност кај едниот кандидат се: нема најмалку две години раководно искуство, не е на работно место во рамките на истата категорија во која е работното место за кое е објавен огласот, нема потврда за положен испит за административно управување, нема доказ за завршено образование, нема доказ за познавање на програми за канцелариско познавање, нема доказ за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европска унија (англиски, француски, германски).

Согласно горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука може да се поднесе жалба преку Министерството за социјална политика, демографија и млади до Агенцијата за администрација-Комисија за одлучување во втор степен по жалби и приговори на административните службеници во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката.

**Државен секретар**
**Fatmir Sabriu**

Изработил: Е.Печинска
Одобрил: А.К.Ангеловска


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија

Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk